Тондах-Македонија
акционерско друштво
Број: 0306-142/1
Датум: 13.12. 2013 год.
Виница

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"ВИНИЦА
ТЕЛ: 033 363-125 ФАХ:033 361-478 **E-mail: solidarnost.vinica@adkom.org.mk**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води("Сл.весник на РМ бр.68/2004) и чл.18 од Законот за комуналните дејности(Сл.весник на РМ бр.95/2012) се склучи следниот:

ЈП"СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА
Бр.07 - 964
19.12 **2013 год.**

Д О Г О В О Р

За извршување на комунални услуги снабдување со вода и изнесување на отпад

Склучен на ден 13.12 .2013 помеѓу:

1.ЈП за комунални работи"Солидарност"-Виница, застапувано од директорот Игор Спасовски како давател на услугите од една страна и

2."ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА"Акционерско друштво Виница со седиште на ул. "ИГМ Пролетер"бр.1 Виница со ЕМБС 4056361, ЕДБ 4005989101036 застапувано од овластено лице Трајче Серафимов од Кочани ул."Сремска"бр.11 со ЕМБГ 1708949493004, како корисник на услугите од друга страна.

чл.1

Предмет на овој договор е уредување на меѓусебните права и обврски меѓу давателот и корисникот на услугите согласно одредбите од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпад за изнесување на собраниот комунален отпад .

чл.2

Давателот на услугата се обврзува:

- да врши редовно и непрекинато снабдување со вода за пиење преку водоснабдителен систем, одведување на урбани отпадни води,
- да го превземе комуналниот отпад, крш од печени керамиди и крш од гипсени калапи.

чл.3

Количината на потрошена вода за пиење ќе се мери со водомер.

Собраниот комунален отпад ќе се подига најмалку еднаш неделно во поставен сад за подигање на отпадот на видно место за да може давателот на услугата непречено да го подига отпадот.

чл.4

Давателот се обврзува да го чита водомерот во зависност од можностите и да доставува сметки за месечна потрошувачка секој месец од страна на овластен работник на давателот на услугата.

За изнесување на комуналниот отпад корисникот се обврзува да плаќа надоместок по цена од м2 станбена површина.

чл.5

Ако со водомерот поради различни причини не може да се утврди стварната потрошена количина на вода, пресметката и наплатата до поставување на исправен водомер ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка пред констатирање на неисправноста на водомерот.

Во случај од став 1 на овој член, давателот на услугата на сметка на корисникот на услугата ќе постави исправен водомер.

чл.6

Приклучувањето на водоводната мрежа, демонтирање и монтирање, чистење, поставување и замена на водомерот од чл.3 од овој Договор, согласно закон го врши исклучиво давателот на услугата, а за сметка на корисникот.

чл.7

Давателот на услугите е должен да го одржува водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

-водоводната инсталација до водомерна шахта вклучувајки го и првиот вентил пред водомерот, а на сметка на корисникот.

чл.8

Корисникот на услугата е должен да овозможи несметан пристап во зградата или друг објект на овластен работник на давателот на услугата заради читање на водомерите и одржување на водоводниот приклучок, исклучување за неплаќање на доспеани сметки за вода, контрола на исправноста на водоводната мрежа и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на јавната водоводна мрежа.

чл.9

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува внатрешната водоводна инсталација, водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот, како и истиот да го заштити од механички и други оштетувања.

чл.10

Корисникот на услугата е должен веднаш а најдоцна во рок од три дена по откривањето на секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок, водоводната шахта како и сите измени кои влијаат на начинот на водоснабдувањето или пресметката на потрошената вода, да го извести давателот на услугата, особено за:

-неисправен водомер(закочен,стопен, скршено стакло,оштетено)

-пломба,механичко оштетено куќиште и сл.

-промена на сопственоста,

чл.11

Плаќањето за извршена услуга ќе се врши по доставена фактура-сметка за месечната потрошувачка на вода(врз основа на состојбата регистрирана на водомерот од член 3 на овој договор секој месец во денари по $м^3$) по цена определена со одлука на давателот на услугата и согласност на одлуката за утврдување цени на комунални услуги вода со изнесување на отпад дадена од страна на Советот на Општина Виница .

чл.12

Корисникот на услугата е должен и се обврзува дека редовно ќе ги плаќа месечните сметки за извршената услуга-потрошена вода и изнесување на комунален отпад .

чл.13

Давателот на услугата има право на корисникот да му го прекине снабдувањето со вода во случај на непочитување на овој договор, неплаќање на фактурите-сметките, а по претходна писмена опомена како и во други случаи утврдени со закон.

Трошоците за прекинување од став 1 на овој член и повторно приклучување паѓаат на товар на корисникот.

чл.14

Овој договор е склучен на ден __________и е со важност на неопределено време.

Доколку корисникот не го потпише овој Договор ќе му биде прекинато снабдувањето со вода за пиење .

чл.15

Во случај на спор по овој Договор надлежен е Основниот суд во Виница.

чл.16

Договорот е составен во 2(два) примероци од кои по еден за странките.

Давател на услугата
ЈП “СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
ДИРЕКТОР
Игор Спасовски
____

Корисник на услуга
“ТОНДАХ-МАКЕДОНИЈА“
ДИРЕКТОР
Трајче Серафимов
____